Association for Democratic Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

**Јавен повик за спроведување надворешна проектна ревизија**

**Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) – Гостивар** објавува јавен повик за избор на **овластен ревизор/ревизорско друштво** за спроведување **надворешна ревизија на проект** финансиран од Амбасадата на Швајцарија во Северна Македонија и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), преку програмата **Цивика Мобилитас**, спроведувана од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

**Назив на проектот:**
*„Зајакнување на младите: поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот регион"*

**Општа цел:**
Подобрување на општествениот контекст во кој функционираат младите од Полошкиот регион, со особен акцент на подигнување на свеста за миграцијата, поттикнување на граѓанскиот ангажман и развојот на претприемништвото.

**Специфични цели:**

1. Проценка на причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион.
2. Јакнење на капацитетите на младите за граѓански ангажман и идни претприемачки активности.
3. Унапредување на координацијата и размената на знаење помеѓу граѓанските организации, бизнис заедницата и локалните самоуправи, со цел подигнување на свеста за проблемот на миграцијата и можностите за младите.

**Носител на проектот:**
Здружение Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) – Гостивар

**Партнери:**
Центар за едукација и развој (ЦЕД) – Теарце
Институт за лидерство и јавна политика – Тетово
Институт за социјална промена – Инсок, Тетово

**Времетраење:** 01.07.2024 – 30.06.2026
**Вкупен буџет:** 5.575.840 МКД

**Опис на ангажманот**

Ревизијата треба да се спроведе во два одделни периода:

1. **Прва ревизија:** за периодот 01.07.2024 – 31.12.2025 (18 месеци)
2. **Втора – завршна ревизија:** за преостанатиот период од 6 месеци во 2026 година

Association for Democratic Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

Ревизијата за првиот период треба да се спроведе **веднаш по изборот на овластен ревизор** и потпишувањето на договорот за услуга.

Ве молиме земете ги предвид барањата дадени во табелата подолу за доставување на понудата. Понудата треба да биде во следниов формат:

| **Опис на услугата** | **Цена без ДДВ** |
|---|---|
| Финансиска ревизија за периодот 01.07.2024 – 31.12.2025 | |
| Втора завршна ревизија за преостанатиот период (6 месеци во 2026 година) | |
| **Вкупно:** | |

* Забелешка: Проектот е ослободен од данокот на додадена вредност (ДДВ). АДИ на избраниот ревизор ќе му ги достави Потврдата за регистрација на проект, како и Решението за регистрација на даночен обврзник. Ревизорот е должен на набавувачот да му достави фактура генерирана во системот на УЈП.

**Критериуми и документација**

Понудата треба да содржи:

- Решение за овластен ревизор или ревизорско друштво,
- Финансиска понуда во горенаведениот формат,

**Начин и рок за поднесување**

Понудите се доставуваат електронски, најдоцна до:

📅 19 ноември 2025 година (среда) до 15:00 часот

📧 На следната е-пошта: katica@adi.org.mk